ООУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“ –Општина Аеродром, Скопје
Бул. „АСНОМ“ бр. 192, Скопје
тел: 2430-324 факс: 2430-324 email: lazoangelovski@yahoo.com

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/2019), Училишниот одбор на седницата одржана на ден 21.01.2020 година, ја донесе следнава

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
Бр. 02-50/4
22.01. 2020 год.
Општина Аеродром-Скопје

О Д Л У К А
За усвојување на Полугодишен извештај за работа на училиштето за учебната 2019/2020 година

1. Училишниот одбор на ООУ,,Лазо Ангеловски,, на седницата одржана на ден 21.01.2020 година, го разгледа и усвои Полугодишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2019/2020 година.

2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

изготвил
секретар
Силвана Давчевска

Претседател на Училишен одбор
Цветанка Малческа

ООУ „Лазо Ангеловски“ Аеродром

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
Бр. 01-76/1
29.01. 2020 год.
Општина Аеродром-Скопје

ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“ - Скопје

ЗА УЧЕБНАТА 2019-2020 ГОДИНА



Содржина:

1.Вовед 4
2.Лична карта на училиштето 4
3.Мисија и визија 10
4 Веќе научено/ Стекнати искуства 11
5.Подрачја на промени, приоритети и цели.....11
6.Акциски планови 12
7.План за евалуација на акциските планови……..15
8.Календар за работа….....16
9. Настава 17
10. Оценување 22
11.Воннаставни активности.....24
12.Општествено хуманитарна работа.....30
13. Поддршка на ученици 31
14.Грижа за здравјето 38
15. Училишна клима.....40
16. Професионален развој на образовниот кадар 42
17.Вклученост на семејството во училиштето 49
18. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето …….....51
19.ПРИЛОЗИ
Полугодишни извештаи за работа на:
Директор.....54
Помошник директор.....60
Социолог.....66
Психолог.....73
Библиотекар 75
Дефектолог.....77
Педагог.....81
Социјален работник.....85
Тим за професионален развој.....88
Тим за унапредување на ИКТ вештините……..92
Тим за унапредување на оценувањето на учениците.....94
Тим за интеграција на претприемничкото учење во образовниот систем на Република Македонија.....95
Тим за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем.....96
Тим за проекти финансирани од ЕУ.....97
Детска организација.....100
Комисија за културна дејност 100
Комисија за исхрана.....101
Комисија за следење и вреднување на естетскиот изглед на училниците и холовите.....102
Тим за јазична писменост.....103
Тимот за сертификација.....103
Тим за инклузивно образование.....104
Тим за антикорупциска едукација на учениците 107
Тим за изработка на полугодишен извештај.....108

1. Вовед

1.1 Документи врз кои се заснова полугодишниот извештај се:

- Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони
- Под-законски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници (Правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.)
- Наставните планови и програми за основно образование
- Концепција за деветгодишно образование
- Статут на училиштето
- Програма за развој на училиштето
- Програмата за работа на училиштето од оваа год
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, извештај од интегрална евалвација, извештај од самоевалвација, програма за развој, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници)

2. Лична карта на училиштето

2.1 Општи податоци за училиштето

Име на училиштето	ООУ„Лазо Ангеловски“
адреса, општина, место	Булевар „АСНОМ„ бр.192 – Скопје
Телефон	02 2 430 324
Фах	02 2 430 324
е-маил	lazoangelovski@yahoo.com
основано од	Општинско собрание на општина Кисела Вода
Верификација- број на актот	бр.15-6253/1г
Година на верификација	решение бр.15-6253/1г. од 13.09.1988
Јазик на кој се изведува наставата	македонски јазик
Година на изградба	13.09.1988
Тип на градба	цврста градба

Површена на објектот	4752м2
Површина на училшниот двор	12 604м2
Површина на спортски терени и игралишта	200м2
Училиштето работи во смена	3
Начин на загревање на училиштето	централно греење
Број на одделенија	9
Број на паралелки	53
Број на смени	3
Статут на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)	Зелено знаме
Датум на добиен статус	07.12.2015


2.2 Просторни услови за работа на училиштето


Вкупен број на училишни згради	Три
Училишен двор	12 604 м2
Број на подрачни училишта	/
Бруто површина	17 356м2
Нето површина	4752м2
Број на спортски терени	1
Број на катови	Два
Број на училници	31
Број на помошни простории	13
Училишна библиотека	1
Начин на загревање на училиштето	централно греење

2.3 материјално- технички услови

	Ред.бр.	**Вид на средство**	**Количина**
Материјално технички услови	1.	ЛЦД	9
	2.	Графоскоп	1
	3.	Компјутери	56
	4.	асистивна технологија (монитор на допир 1, тастатури 7 со големи копчиња, 2 тракбол, 2 одвоени кликови, 1 џојстик	4
	5.	Принтери	15
	6.	Телевизори	19
	7.	Лап топ компјутери	331
	8.	Климатизери	25

	9.	Касетофони	7
	10.	Фотокопир	4
	11.	Таблети	18
	12.	Смарт табла	4
	13.	Еду роботи	2
	14.	Микроскоп	1
	15	Пијано	1
	16.	3Д Принтер	1
	17	VR очила	5





2.4 структура на училиштето



Членови на училиштен одбор (име и презиме)	**3 претставници од училиштето** – Цветанка Малческа, Јасмина Ристеска и Весна Стрезоска **3 претставници од родители** – Игор Павлевски, Дона Коцевски, Билјана Ѓуроска **1 претставник од општина**- Катица Ацевска
Членови на совет на родители (име и презиме)	Игор Павлески-претседател, Оливера Тушевска Столеска, Васка Цветановска Панова, Јасмина Талеска, Игор Илиевски, Софија Левајковска, Анастасија Николова Вељановска, Ѓорѓи Коцевски, Ивана Павловска, Ристе Стефанов, Ана Цоковска, Гоце Крапевски, Тања Димовска, Зорица Симиќ, Лазар Јованов, Лили Величковска, Соња Вујасин, Рози Велеска, Јасмина Илке, Роберт Стојановски, Катерина Трајчева, Марија Зафировска, Ана Алексовска, Бобан Јовановски, Олгица Спасевска, Гоце Мисаиловски, Сашо Дрвошански, Наташа Стојаноска, Елена Милошевска, Елена Димовска, Дијана Илевска, Дејан Илиоски, Жарко Станимировиќ, Васко Коколански, Игор Павлески, Елена Михајловска, Билјан Трајковиќ, Билјана Ѓуроска, Јелица Живковиќ, Биљана Видевска, Камелија Стојановска, Марија Стојчевска, Марјанчо Иванов, Билјана Каевски, Виолета Ангелова, Јасмина кимовска, Билјана Трајковиќ, Жаклина Синадиновска, Тања Јанева, Марија Тренчевска,Маја Димовска, Александра Зврцинова, Весна Даутовска, Лидија Петрушевска.
Стручни активи (видови)	Актив на одделенска настава, група на природна предмети, група на општествени предмети, актив по македонски јазик и на странски јазици,актив по информатика, иновации и техничко образование, актив на ФЗО, ликовно и музичко образование.

Одделенски совети (број на наставници)	Одделенски совет за 1. Одделенска настава- 45 наставници 2. Предметна настава- 45 наставници.
Членови на ученичка заедница (број на ученици)	23

2.5 Наставен кадар

Одд.	**вкупно**	**Етничка и полова структура на наставен кадар**									
		Македонци		**Албанци**		**Турци**		**Роми**		**Други**	
		м	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**Ж**
Број на вработени	117	15	97	/	/	/	/	/	/	/	5
Број на наставен кадар	90	10	76	/	/	/	/	/	/	/	4
Број на стручни соработници	6	/	6	/	/	/	/	/	/	/	/
Административни работници	2	/	2	/	/	/	/	/	/	/	/
Техничка служба	18	5	12	/	/	/	/	/	/	/	1
Директор	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/

Степен на образование на вработени

Образование	**Број на вработени**
м-р	8
Високо образование	90
Виша стручна спрема	2
Средно образование	16
Основно образование	1

Старосна структура на вработени

Години	**Број на вработени**
20-30	4
31-40	42

41-50	24
51-60	40
61 - пензија	7

2.6 Ученици

Одделение	Бр. на паралелки	Бр. на ученици	Етничка и родова структура на учениците									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		Други	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	6	196	105	86	/	/	/	/	4	1	/	/
II	6	178	103	72	/	/	/	/	/	1	2	/
III	6	170	91	79	/	/	/	/	/	/	/	/
IV	6	166	82	80	/	/	/	/	2	1	1	/
V	6	162	74	87	/	/	/	/	1	/	/	/
I – V	30	872	455	404	/	/	/	/	7	3	3	/
VI	6	153	70	81	/	/	1	1	/	/	/	/
VII	6	133	69	63	/	/	/	/	1	/	/	/
VIII	5	138	66	65	/	/	/	/	/	2	3	2
IX	6	153	81	66	/	/	/	/	3	/	2	1
VI – IX	23	577	286	275	/	/	1	1	4	2	5	3
I – IX	53	1449	741	679	/	/	1	1	11	5	8	3

2.7 Наставен јазик

Наставен јазик	Македонски јазик	Албански јазик	Турски јазик	Српски јазик
Број на паралелки	53	/	/	/
Број на ученици	1449	/	/	/
Број на наставници	90	/	/	/

3.Мисија и визија

МИСИЈА

Нашето училиште е средина која нуди поддршка на индивидуалниот развој на учениците и професионален развој на наставниците што заедно резултира со ефективен и квалитетен воспитно-образовен процес.

ВИЗИЈА

Нашето училиште да биде лидер и иновативно-модел училиште.

4. Веќе научено/ Стекнати искуства

Активностите кои се спроведоа во училиштето во претходнатата учебна година покажаа дека имаат позитивен ефект врз воспитно-образовната работа и постигањата на училиштето, така што истите продолжија да се спроведуваат и реализираат. Во работата на наставниците е забележана успешна примена на знаењата и искуствата од претходно посетените обуки од областа на унапредувањето на оценувањето на постигнувањата на учениците, како и примената на искуствата и знаењата за примена на ИКТ во наставата, отворените часови и сл.

Во ова полугодие, дел од наставниците посетија обуки, семинари и конференции. Во училиштето беше одржана обука за употреба на интерактивна табла од сертфициран предавач. Членовите на Тимот за работа на проекти финансирани од ЕУ вклучени во проектот КА229 „Креативни читателии“ и на КА229 „Млади новинари денес-одговорни граѓани утре“ одржаа дисеминација од нивните посети во рамките на првата мобилност во училиштата во Хрватска. Група наставници посетија обука за социоемоционално учење за подобрување на вештините на адолесценција организирана од LionQuest, организација поддржана од Министерството за образование и наука. Од страна на БРО беше организирана обука за наставниците од одделенска настава за тандем часови со наставниците по физичко и здравствено образование со што започна реализацијата на проектот за изведување на наставата по физичко и здравствено образование за учениците од прво одделение од страна на предметен наставник по ФЗО. Дел од наставниците од активот по ФЗО посетија обука на Факултетот за физичка култура на тема во врска со реализација на наставен час. Во рамките на едукативниот центар Алгоритам, наставници посетија обука за менаџирање на училница преку којашто ги унапредија своите вештини и знаења за современи и креативни методи и техники на учење. Тимот за професионален развој одржаа интерна обука за наставниците коишто се нововработени во училиштето и оние кои ја немаа претходно посетено истата организирана обука за изготовка на личен план за професионален развој. Наставниците врз основа на стекнатите знаења самостојно ги

изготвија личните планови за три учебни години. Со цел имплементирање и проширување на знаењата за инклузивно образование, наставниците ја слушаа он-лајн обуката за Инклузивно образование од страна на БРО. Во нашето училиште беше спроведена обука за наставниците по музичко образование од Здружението на музички педагози.

Во текот на ова полугодие, со цел одржување на статусот на еко училиште, во наставните и воннаставните содржини беа применти еко содржини како дел од еколошката едукација на учениците којашто подразбира подигнување на еколошката свест за чиста околина и живот во здрава средина. Нашето училиште беше вклучено во акцијата за засадување дрвја на територија на нашата општина организирано од Општина Аеродром. Во наставните содржини беа применувани теми од проектот за меѓуетничка интеграција којшто почна да се спроведува од минатата учебна година. Исто така, беа реализирани и активности за интеграција на антикорупциско образование. Како дел од проектот „Вештини на 21-ви век“, 10 наставници од предметна настава посетија обука организирана од страна на БРО и Британскиот совет и истата ја дисиминираа пред наставниците од предметна настава. Искуствата од минатите години во врска со Драмската секција во соработка со Тимот за претприемништво а во однос на новогодишната претстава и новогодишната продажна изложба ги пренесовме и оваа учебна година и собраните средства ќе бидат искористени за потребите на училиштето. Во месец ноември училиштето беше посетено од страна на група наставници и раководната служба од училиштето Езине Дистрикт од Чанак кале. За време на нивниот престој, тие посетија наставни часови и работилница организирана од страна на Тимот за претприемништво.

5. Подрачја на промени, приоритети и цели

ООУ „Лазо Ангеловски”–Општина Аеродром, Скопје во своето развојно планирање (2016-2020), годишниот извештај 2018/2019, извештајот од интегралната евалуација и самоевалвацијата од 2017-2019 година ги утврди следниве:

- подрачја на промени
  - ➢ унапредување на наставата и процесот на учењето и оценувањето
  - ➢ унапредување на соработката со родителите
  - ➢ подобрување на просторни и технички услови за работа;
  - ➢ унапредување на работата на ученици со ПОП

- приоритети и стратешки цели
  - ➢ Поголемо учество на обуки и обезбедување на финансиска подршка на наставниците и стручните соработници за професионален развој

- ➢ Вклучување на учениците во иницијативи и давање предлози за избор на воннаставни активности кои што се вклучени во годишната програма за работа на училиштето
- ➢ Зајакнување на соработката и тимската работа во решавање на училишните прашања;

.

6. Акциски планови

1.Поголемо учество на обуки и обезбедување на финансиска подршка на наставниците и стручните соработници за професионален развој

Современата настава бара континуирано следење и употреба на нови и современи методи и техники на учење но, и примена на оние кои се веќе научени и стекнати. Наставниците постојано се усовршуваат и збогатуваат со нови знаења и искуства на ова поле и ги применуваат во секојдневните активности. Во текот на првото полугодие поголем број наставници беа учесници на различни обуки, семинари, конференции, работилници и други форми на професионално усовршување.

Тимот за Проекти финансирани од ЕУ изработи план со содржини и датуми за реализација на обуките за коишто во претходната учебна година училиштето аплицираше и обезбеди грантови за реализација. На почетокот на учебната година, беа избрани наставници коишто ќе ги посетат обуките за акцијата КА1 (Учење преку индивидуални мобилности) од Програмата Еразмус+ „Подучување по мерка – мотивирани ученици“ (New kind of bridges – out of the box) по претходно објавен конкурс за наставници со точно утврдени критериуми за избор. Во однос на овој проектот од акцијата КА101 планирани се три обуки и тоа: за соработка со родители во Шпанија, за развивање на креативност и критичко размислување во Словенија и за job-shadowing во Португалија.

На почетокот на учебната година, беа изготвени лични планирања за професионален развој согласно со програмата на Тимот за Професионален развој на наставниците. За нововработените наставници беше организирана интерна обука за изготвување личен план за професионален развој од страна на тимот.

2.Вклучување на учениците во иницијативи и давање предлози за избор на воннаставни активности коишто се вклучени во годишната програма за работа на училиштето

Согласно со измените на Законот за основно образование, на почетокот на учебната 2019/2020 година беше формиран ученичкиот параламент чиишто членови се претседателите на ученичките заедници на паралелки во училиштето. Во текот на првото полугодие беа одржувани редовни средби со ученичкиот парламент согласно со програмата изготвена од страна на психологот на училиштете како одговорен стручен соработник кој ја води и организира неговата работа. Во октомври беше организрана работилница за правата на децата по повод одбележување на 30-годишнината од усвојувањето на Конвенцијата за правата на децата. Во рамките на состаноците учениците се запознаа со своите права и обврски и добија поголема можност да учествуаат во сите наставни и воннаставни активности организирани согласно со годишната програма за работа на училиштето. Беше спроведена анкета со цел да дадат свои предлози и мислења за содржините на

воннаставните активности коишто во иднина дополнително ќе бидат земени предвид и опфатени со годишната програма за работа на училиштето. Двајца претставници од училишниот парламент беа вклучени во реализацијата на наставничките совети, како и во училишниот одбор.

3.Зајакнување на соработката и тимската работа во решавање на училишните прашања;

Со цел зајакнување на соработката и тимската работа на наставниците, а во врска со решавање на проблеми и прашања од интерес на наставата, во текот на првото полугодие беа реалзизирани редовни состаноци на ниво на активи преку коишто наставниците се запознаваа за тековните активности и проблеми. Исто така, се одржуваа и состаноци на ниво на активите и стручните соработници и состаноци меѓу активите и раководната служба.


Одговорните наставници на активи присуствуаа редовно на состаноците на Советот на родители со што се зајакнува континуирано соработката помеѓу наставниците и родителите преку конструктивно и заедничко изнаоѓање решенија за прашања поврзани со тековните ситуации, состојби и проблеми во наставниот процес и работата на училиштето.

7. План за евалуација на акциските планови

Задача	Критериум за успех	Инструменти	Индикатор за успешност	Одговорен за следење	Повратна информација
1.Поголемо учество на обуки и обезбедување на финансиска подршка на наставниците и стручните соработници за професионален развој	1.Подобрување и унапредување на воспитно образовната работа 2.Подобрување на резултатите кај учениците	Листи за евалуација на реализираните нагледни часови Изготвена анализа од реализирани нагледни часови Листи за евалуација на реализирана дисиминација Анализа на евалуацијата на реализираните дисиминации	Подобрување на успехот на учениците од примената на стекнатите знаења и вештин	Директор Пом. Директор Стручни соработници	Изготвена анализа од реализирани нагледни часови и дисиминации, годишен извештај за работа на училиштето
2.Вклучување на учениците во иницијативи и давање предлози за избор на воннаставни активности коишто се вклучени во годишната програма за работа на училиштето,	1.Подобрување и унапредување на воспитно образовната работа 2.Подобрување на резултатите кај учениците	1. Анкети и извештај на работата на училишниот парламент	1.Зголемено учество на учениците во воннаставните активности	Директор Помошник директор стручни соработници	1.Изготвена анализа од учеството на учениците во воннаставните активности 2. Годишен извештај за работа на училишниот парламент

	3.Развивање чуство на припадност		2.Стекнување поголеми знаења и вештини на учениците		
3.Зајакнување на соработката и тимската работа во решавање на училишните прашања	-Подобрување и унапредување на воспитно образовната работа,подобрување на комуникацијата помеѓу раководната служба, наставниот кадар и стручните соработници	Листи за евалуација на записници од реализирани состаноци	Подобрување на квалитетот на наставата,подобрување на комуникацијата помеѓу наставниот кадар, раководната и стручната служба	Директор Помошник директор стручни соработници	1.Изготвена анализа од реализирањето на состаноци и препораки за подобрување на тимската работа во училиштето

8.Календар за работа



8.1. Еколошки календар

16 септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември	Меѓународен ден без автомобили
08 октомври	Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата

15 октомври	Меѓународен ден на пешаците
16 октомври	Меѓународен ден на храната
5 март	Светски ден за заштеда на енергија
22 март	Светски ден за заштеда на водите
7 април	Светски ден на здравјето
22 април	Светски ден на планетата
15 мај	Светски ден за заштита на климата
31 мај	Светски ден против пушењето
5 јуни	Светски ден за заштита на животната средина
Ден на дрвото – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија – ненаставен ден Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година Ајде Македонија- ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија	

9. Настава

9.1 Вид на настава

Во училиштето се реализираше задолжителна настава, изборна настава, дополнителна настава, додатна настава и проширена програма.

9.2 Организација на задолжителна настава

Наставата за учениците од предметната настава се одвива во две смени, а за учениците од одделенската настава во три смени. Наставата се реализира на македонски јазик по изготвените наставни планови и програми од МОН и БРО. Во рамките на задолжителната настава се интегрираа и содржини со еколошки теми, ИКТ, а за учениците со ПОП се изготвија и индивидуални образовни планови (долгорочни, среднорочни).

Часовите се реализираа по следниот распоред:

Предметна настава: прва смена 07:30-12:50
втора смена 13:15-18:35

Одделенска настава: прва смена 07:30-11:45
меѓусмена 11:15-15:30
втора смена 15:00-19:05

Задолжителен странски јазик во училиштето е англискиот јазик, а како втор задолжителен јазик учениците го изучуваат францускиот или германскиот јазик.

9.3 Изборна настава

На крајот на учебната 2018/19 година се спроведе анкета за учениците за избор на изборните предмети кои ќе ги изучуваат во учебната 2019/20 год. Според резултатите оваа учебна година се изучуваат следните изборни предмети:

- *Творештво во четврто и петто одделение*
- *Етика на религии и Класична култура во европската цивилизација во шесто одделение*
- *Техничко образование во седмо и осмо одделение*
- *Истражување на родниот крај во седмо и осмо одделение*
- *Танци и народни ора во осмо и деветто одделение*
- *Проекти од информатика во деветто одделение*

9.4 Дополнителна настава

Дополнителна настава се организираше за ученици кои

- имаа потешкотии во учењето или покажуваат континуирано слаби резултати во учењето
- имаа најмалку две слаби оценки
- покажаа слаб резултат по одреден наставен предмет
- на барање на ученикот или неговиот родител односно старател.

За реализација на дополнителна настава се примени следната процедура

- Детектирање на ученици кои во процесот на учењето имаа потреба од дополнителна настава
- Изработка на индивидуален план и програма за реализација на дополнителна настава
- Водење на евиденција за посетување на дополнителна настава
- Соработка со родители, стручни соработници и одделенски раководители.

Дополнителната настава се реализираше според однапред утврден распоред од страна на наставниците, а истиот беше истакнат на таблата за родители и на нашата веб страница. Распоредот за одржување на дополнителна настава за секој наставник се ревидираше на месечно ниво.

Табеларен приказ на реализација на часовите за дополнителна настава по стручни активи

стручен актив	реализирани часови	стручен актив	реализирани часови
II одделение	99	математика	33
III одделение	96	биологија,физика,хемија	84
IV одделение	98	историја,географија, граѓанско образование, етика	44

V одделение	102	техничко образование, информатика, иновации	27
македонски јазик	65	музичко и ликовно образование	40
странски јазици	98	физичко образование	24

Забелешка: Според програмата за деветгодишно основно образование, во I одд. не се реализира дополнителна настава.
Во првото полугодие се реализирани вкупно **810** часови за дополнителна настава.

9.5 Додатна настава

Додатната настава се организираше за учениците коишто по определени предмети постигнуваа значителни резултати. Наставникот им ја нуди можноста за посетување на додатната настава, но учениците одлучуваа дали ќе ја посетуваат. Додатната настава се реализираше според однапред утврден распоред од страна на наставниците, а истиот беше истакнат на огласната табла за родители и на нашата веб страница. Распоредот за одржување на додатна настава за секој наставник се ревидираше на месечно ниво.

Табеларен приказ на реализација на часовите за додатна настава по стручни активи

стручен актив	реализирани часови	стручен актив	реализирани часови
II одделение	102	математика	33
III одделение	102	биологија,физика,хемија	82
IV одделение	100	историја,географија, граѓанско образование, етика	40
V одделение	96	техничко образование, информатика, иновации	25
македонски јазик	40	музичко и ликовно образование	40
странски јазици	100	физичко образование	24

Забелешка: Според програмата за деветгодишно основно образование, во I одд. не се реализира додатна настава.
Во ова полугодие реализирани се вкупно **784** часови за додатна настава.

9.6 Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици

Во текот на првото полугодие наставниците изработија програма за додатна настава според којашто се работеше со учениците со високи постигнувања. Се следеа постигнувањата на овие ученици и нивното напредување. Беа идентификувани нови ученици кои се талентирани во различни области. Во текот на ова полугодие се одржуваа советодавно консултативни разговори со децата кои имаат високи постигнувања и наставниците. Се работеше на создавање и развој на позитивна клима кон надарените и талентираните ученици како и на развој на комуникациските релации со овие ученици. Се водеше подобра грижа и интерес за потребите на надарените и талентираните.

9.7 Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби

Континуирано во текот на првото полугодие е следен напредокот, успехот и поведението кај учениците со посебни образовни потреби преку индивидуални средби и разговори со наставници, родители, ученици, одделенски совети и сл. Според нивните потреби се изработени Индивидуални образовни планови со среднорочни и долгорочни цели со помош и соработка на родителот, дефектологот, засегнатите предметни и одделенски наставници односно ИТУ. Реализирани се повеќе состаноци на Инклузивниот тим (ИТУ) со родителите на учениците со ПОП и договори за изработка на ИОП. Во ова полугодие изработени се среднорочни ИОП-и за 8 ученици. Идентификувани се учениците со емоционални потешкотии и ПОП преку индивидуални разговори на дефектологот и психологот со одделенските и предметните наставници, преку опсервација на часови и разговор на родители, користење на чек листи и др.инструменти за работа. И оваа учебна година во соработка со Општина Аеродром се реализира проектот „Унапредување на воспитно-образовниот процес и секојдневна грижа на деца со посебни образовни потреби“ преку кој се ангажирани двајца образовни асистенти во наставата за работа со децата со потешкотии во учењето. Преку вклучување на образовни асистенти во наставата според исказите на наставниците и родителите се бележи напредок во учењето кај учениците со посебни образовни потреби.

9.8 Проекти кои се реализираат во училиштето

Во училиштето се реализираат следните проекти:

➢ Меѓуетничка интеграција во образованието –поддржан од МЦГО, МОН и УСАИД:

- Математика со размислување-БРО
- Јазична писменост
- Училиште без насилство - МОН, УНИЦЕФ
- ОХО проектот-Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем-МОН и здружение на граѓани ОХО
- Проект Безбедност во училиштето во соработка со СВР Скопје
- Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта
- Проект „Играме бадминтон“во соработка со Општина Аеродром и бадминтон федерацијата на Македонија
- Проект„ Унапредување на воспитно образовниот процес и секојдневна грижа на деца со ПОП“во соработка со Општина Аеродром и UNDP.

- Еразмус+КА105- - ученичка замена насловена „Да го зачуваме минатото за идните генарации“
- Проектот за мобилност на наставници *КА101: New kind of bridges – out of the box Градиме нови мостови – размислувај надвор од кутијата*
- Проект за стратешки партнерства на училишта КА229: *Journalists of today – digital citizens of tomorrow (Новинари денес – дигитални граѓани утре)*
- Проект за стратешки партнерства на училишта КА229: *Creative readers (Креативни читатели)*
- *Проект за изучување на германскиот јазик од прво одделение – Гете институт и МОН*
- *Социоемоционално учење-вештини на адолесценција - МОН и здруженият Лионс Дистрикт*
- *Вештини на 21 век (кодирање со употреба на микробит)*

9.9 Употреба на ИКТ во наставата

Наставникот во својата годишна програма за работа 30% од наставата планира да ја реализира со користење на ИКТ кои се расположливи во училиштето. Реализацијата на програмата со користење на ИКТ ја следи раководната служба на училиштето.Врз основа на следењето изготвена е следнава анализа.

генерација	реализирани часови	генерација	реализирани часови	генерација	реализирани часови
I одд.	252	IV одд.	277	VII одд.	83
II одд.	313	V одд.	415	VIII одд.	45
III одд.	438	VI одд.	48	IX одд.	53

Во текот на првото полугодие од оваа учебна година реализирани се **1924** часа со примена на ИКТ.

10. Оценување.

10.1 Видови оценување и календар на оценување

Врз основа на законската регулатива за деветгодишно образование во Република Северна Македонија оценувањето односно следењето на постигнувањата на учениците се одвива на три начини: описно, комбинирано (описно и бројчано) и бројчано. Според оваа законска регулатива Тимот за унапредување на оценувањето на учениците има изготвено календар на оценување. Целта на училишното планирање на оценување и неговата реализација е подобрување на квалитетот на оценувањето и истото да стане дел од добрата настава и учењето.

одделение	Прв квартал	Втор квартал	Полугодишна оценка	Трет квартал	Четврт квартал	Полугодишна оценка	Годишна оценка
I,II,III	Описна оценка	Описна оценка	Описна оценка	Описна оценка	Описна оценка	Описна оценка	Описна оценка
IV,V, VI	Описна оценка	Описна оценка	Описна оценка	Описна оценка	Описна оценка	Описна оценка	Бројчана оценка
VII, VIII, IX	Бројчана оценка	Бројчана оценка	Бројчана оценка	Бројчана оценка	Бројчана оценка	Бројчана оценка	Бројчана оценка

За успешна реализација на планирањето на оценувањето наставниците ги користат сознанијата од обуките за унапредување на оценувањето, стручните материјали и прирачници од обуките, законот за основното образование, упатство за оценување издадено од БРО, како и обуки што ги следат.

10.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Во текот на учебната 2008/2009 год., нашето училиште беше вклучено во третата фаза во компонентата „Унапредувањето на оценувањето“. Од тогаш, секоја учебна година се формира Тим за унапредување на оценувањето кој има за цел да им помогне на наставниците да ги согледаат и употребат сите средства за квалитетно оценување. Целта на овој тим е преку квалитетно планирање и реализирање на оценувањето на постигнувањата на учениците да се избегне субјективниот фактор и оценувањето да се спроведува објективно и транспарентно како за учениците така и за родителите. За да се постигне оваа цел во ова полугодие наставниците користеа различни методи и техники како дел од формативното следење на постигнувањата на учениците од кадешто подоцна произлегоа сумативните оценки. При извршената анализа дојдено е до заклучок дека наставниците ги користат следниве методи:

- усно испрашување
- самооценување и меѓусебно оценување на учениците
- портфолио
- проекти
- контролни тестови од наставници
- дискусија
- мисловни мапи
- есејски прашања

Во планирањето на сумативното оценувањето наставниците ги користат стандардите и критериумите зададени од страна на БРО.

Информациите што наставниците ги собираат преку наведените методи на оценување им помогаат да добијат подетална слика за напредокот и постигањата на учениците, а тоа има позитивно влијание за наредните чекори во

учењето. Сумативната оценка се изведува од податоците добиени со формативното оценување.Формативното следење на учениците, наставниците го заведуваат во документацијата за следење на напредокот на учениците. Сумативната оценка, наставниците ја заведуваат во одделенските дневници, кварталните извештаи за родителите.

За напредокот на подучувањето, родителите и учениците беа информирани најчесто усно во тек на полугодието од страна на предметните и одделенските наставници, за време на индивидуалните состаноци и/или отворениот ден за родителите којшто се одржуваше секој последен четврток во месецот, а со сумативните оценки родителите беа известувани со писмен извештај на крај на секој квартал или евалвационен период за време на родителските средби.

За поуспешна реализација на активностите, тимот за унапредување на оценувањето соработуваше со тимот за УИТ и ИТУ, тимот за професионален развој на наставниците во училиштето, тимот за унапредување на ИКТ вештините, водеше консултативни разговори со стручната соработници во училиштето и беше во секојдневна косултација со наставниците за да може да одговори на нивните потреби поврзани со оценувањето на постигнувањата на учениците.

10.3 Самоевалуација

Со почетокот на оваа учебна година започна процесот за изготвување на Самоевалуација за работа на училиштето за периодот од 2019 до 2021 година. Поради тоа определени се наставници-членови на Тимот за самоевалуација и одржани се неколку состаноци за организација на тимот.

11. Воннаставни активности

11.1 Училиштен спорт

Во училиштето за правилен развој на учениците задолжен е наставниот кадар во ФЗО кој преку различни видови на спортови го негуваат здравиот и спортски дух кај учениците. За таа цел наставниците имаат изготвено планирања на активностите за реализација на училишниот спорт. Во училиштето функционираат следниве спортови: кошарка, фудбал / футсал, ракомет, атлетика, кросеви, бадмингтон. Ова полугодие, училиштето учествуваше на следниве натпревари: општински натпревари - кошарка- женски, футсал- машки, одбојка- машки, ракомет- машки; градски натпревар – одбојка машки и женски, пинг понг, футсал.

11.2 Секции и слободни ученички активности

Слободните ученички активности се реализираа со по еден час седмично, а некои и со повеќе, согласно со планираните активности и содржини на програмите на соодветните секции. Учествувајќи во секциите, учениците учествуваат и на најразлични манифестации, конкурси, натпревари преку кои ќе се афирмираат самите себе, но и училиштето. Во училиштето функционираат следниве секции: драмска -Костадинка Поповска, лекторска-Костадинка Поповска, литературна-Весна Анѓелеска, странски јазици-Емица Здравев, Милена Калиновска, и Анета Талеска, ликовна-Ристо Андреев, математичка-Елена Кузмановска, историска - Љубица Атанасовска ,географска-Ане Аврамовска, млади физичари-Жаклина Колевска, млади хемичари-Жаклина Трајковска, еколошка- Цветанка Малческа, млади биолози-Цветанка Малческа, млади техничари-Златика Ј, Даскалов, библиотекарска-Благица Ангеловска, спортски секции-Марјан

Куцулоски, Петар Ацески, Далибор Савески и Слободан Стаматовски.

Во текот на првото полугодие драмската секција подготви приредба по повод Патрониот празник во која активно учество земаа наставниците, како и хорот и оркестарот на училиштето. По повод Новогодишните празници драмската секција изведе драмска претстава „Ах, тој Дедо Мраз никаде го нема“која ја проследија сите ученици од прво до петто одделение, како и голем број на ученици од предметна настава и локалното население. Во рамките на одделенска настава учениците заедно со своите наставници организираа новогодишни приредби.

Во текот на првото полугодие учениците од литературната секција учествуваа на повеќе литературни конкурси со свои творби. По повод патрониот празник на училиштето, беше распишан литературен конкурс на слободна тема, на којшто учествуваа учениците од 3 до 9 оддленеие. Шест ученици добија дипломи за освоени места на конкурсот.

За време на првото полугодие активни беа и спортските секции кои ги реализираа спортските „Игри без граници„ и земаа учество во натпревари од областа на одбојка,кошарка ,ракомет и футсал.

Ликовната секција во рамките на училишните активности учествуваше со ликовен хепенинг за време на одбележувањето на патрониот празник и по повод на новогодишните празници со изработка на постери со Дедо Мраз. На низа конкурси организирани од страна на поширокатa локална средина успешно го претставуваше училиштето. Учество зема во конкурсите: 8 ми септември, Флора и фауна, 13 Ноември и противпожарна заштита.

Библиотекарската секција и ова полугодие зема учество на општинскиот натпреварот „Млади библиотекари“во Градската библиотека „Браќа Миладиновци„. Секциите на млади физичари и Млади хемичари, како и геграфската секција работеа на проширување и збогатување на интересите на учениците од овие области преку низа проекти, предавања и експерименти.

Секцијата на млади биолози реализираше активности и реализација на училишниот натпревар по биологија за учениците од 6 то до 9то одд. Младите еколози активно работеа на разубавување на училишната средина и пошумување на училишниот двор. Земаа учество во еколошката акција „Македонија без отпад“, редовно спроведуваа акции за собирање на пластичен отпад и стара хартија. Учество земаа и во акцијата „Намали отпад -селектирај, рециклирај„. Во рамки на еколошката секција беше промовиран проектот ИОТ Аквапоничен систем. Во рамки на Е twining секцијата се спроведоа националните проекти „ Имаме право на среќно детство“ и „ Подари насмевка-стопли срце“.

Медиумската секција реализираше активности за изготвување на новинарски написи, графички дизајн на Е- весник како и веб страна на весникот.

Историската секција по повод значајните датуми од историјата на Република Северна Македонија и годишнини на историски личности подготвуваше реферати. Редовно го одржуваше историското катче, изготвуваа презентации за старо Скопје, за градби и паркови под заштита на УНЕСКО за Св.Климент и Св.Наум, за осмалинската држава и за холокаустот на Евреите.

За своите активности учениците добиваа дипломи и благодарници кои се поттик за нивно понатамошно учество.

11.3 Ученички натпревари

Во ова полугодие учениците од нашето училиште земаа учество на повеќе училишни, општински, градски, државни и меѓународни натпревари и ги освоија следниве награди:

Вид на натпреварот	Наставен предмет	Име и презиме на ученик	Освоено место
друго	Македонски јазик	Теона Ангеловска	друго
друго	Ликовно образование	Лара Митевска	Трето
друго	Природни науки	Филип Добковски	друго
интернационален	Ликовно образование	Мишо Рогачиќ	Второ
училишен	Француски јазик	Ена Велеска	Прво
училишен	Француски јазик	Кристијан Дамјановски	Второ
регионален	Француски јазик	Ена Велевска	друго
регионален	Француски јазик	Кристијан Дамјановски	друго
државен	Француски јазик	Ена Велевска	друго
друго	Биологија	Екатерина Атанасова	Трето
друго	Биологија	Пела Серафимов	Трето
друго	Биологија	Сара Митевска	друго
училишен	Природни науки	Марко Колевски	Прво
училишен	Природни науки	Дамјан Илиоски	Второ
училишен	Природни науки	Ана Радеска	Трето
училишен	Биологија	Теона Тренеска	Прво
училишен	Биологија	Даријан Атанасовски	Второ
училишен	Биологија	Катерина Иванова	Трето
ревиален	Природни науки	Марко Панчевски	Второ
училишен	Природни науки	Мила Блажева	Прво
училишен	Природни науки	Марко Панчевски	Второ
училишен	Природни науки	Константин Брајаноски	Трето
интернационален	Ликовно образование	Лара Митевска	Трето
друго	Ликовно образование	Јована Радосављев	Прво
интернационален	Ликовно образование	Филип Трифунов	Прво
интернационален	Ликовно образование	Марко Настевски	Прво
интернационален	Ликовно образование	Дамјан Стефанов	Трето
интернационален	Ликовно образование	Дамјан Стефанов	Трето
интернационален	Македонски јазик	Дамјан Стефанов	друго
интернационален	Македонски јазик	Дамјан Стефанов	друго
училишен	Природни науки	Марија Талеска	друго
училишен	Природни науки	Филип Горгиев	друго

училишен	Природни науки	Андреј Митев	друго
училишен	Природни науки	Никола Зорески	друго
интернационален	Ликовно образование	Горјан Крнчески	Второ
друго	Математика	Марко Панчевски	друго
државен	Природни науки	Нина Панчевска	Трето
училишен	Природни науки	Павел Зафировски	друго
училишен	Природни науки	Сара Драгниќ	друго
училишен	Природни науки	Ива Мицева	друго
училишен	Природни науки	Теона Џуговска	друго
училишен	Природни науки	Лука Костадиноски	друго
интернационален	Ликовно образование	Горјан Крнчески	Второ
училишен	Природни науки	Анастасија Костова	друго
интернационален	Македонски јазик	Горјан Крнчески	Второ
интернационален	Македонски јазик	Филип Цоковски	Трето
интернационален	Македонски јазик	Матеја Анакиевска	Трето
интернационален	Ликовно образование	Филип Трифунов	Прво
интернационален	Ликовно образование	Марко Настевски	Прво
интернационален	Ликовно образование	Давид Ангелов	Прво
интернационален	Ликовно образование	Мила Велкова	Прво
училишен	Природни науки	Стефан Јачев	друго
училишен	Физика	Милијана Стојановиќ	Прво
училишен	Физика	Марија Станчева	Второ
училишен	Физика	Мила Трајановска	Трето
училишен	Физика	Ивана Блажева	Прво
училишен	Физика	Миа Драгниќ	Второ
училишен	Физика	Гала Додевска	Трето
општински	друго	Теодора Коцева	друго
општински	друго	Стефанија Минова	друго
општински	друго	Анастасија Симовиќ	друго
училишен	Биологија	Марија Поповска	Прво
училишен	Биологија	Гала Додевска	Второ
училишен	Биологија	Андреја Пејковска	Трето
училишен	Биологија	Мариела Стефновска	Прво
училишен	Биологија	Марија Станчева	Второ
училишен	Биологија	Ангела Зимбакова	Трето
училишен	Географија	Марија Поповска	Прво

училишен	Географија	Ања Џуговска	Второ
училишен	Географија	Гала Додевска	Второ
училишен	Географија	Катерина Иванова	Прво
училишен	Географија	Сара Костова	Второ
училишен	Географија	Софија Тасиќ	Трето
училишен	Географија	Филип Живков	Прво
училишен	Географија	Лина Крстевска	Второ
училишен	Географија	Марко Колевски	Трето
училишен	Географија	Леа Јанковска	Второ
училишен	Географија	Гала Додевска	Трето
интернационален	Математика	Михаела Јаневска	друго
интернационален	Математика	Ведран Јанев	друго
училишен	Географија	Марко Колевски	Прво
интернационален	Математика	Методиј Милков	друго
училишен	Географија	Деа Јаначковска	Второ
училишен	Географија	Филип Живков	Трето
интернационален	Македонски јазик	Леон Јовановиќ и Драган Божиќ	Прво
друго	Македонски јазик	Даријан Атанасовски	Второ
училишен	Македонски јазик	Матеа Николоска	Трето
училишен	Македонски јазик	Елена Блажевска	Прво
друго	Македонски јазик	Елена Велкоска	Прво

Врз основ на поднесените извештаи на наставниците во ова полугодие освоени се 22-прво место, 20-второ место, 21-трето место и 26- друго.

12. Општествено- хуманитарна работа

Согласно со својата воспитно образовна функција училиштето организираше активности кои се општествено значајни и хумани, а во кои имаат активно учество учениците, родителите и поширокатa заедница.Општествено хуманитарната работа имаше за цел кај учениците да развие чувство на солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство на одговорност, навика за одржување на здрава и чиста околина ,да создава почит и позитивен однос кон културата и историското минато.

Со цел кај учениците да се развива позитивен однос кон работата, и навики за одржување на хигиената во училиштето и во непосредната околина, во текот на првото полугодие од учебната 2019/2020 год се реализираа следните активности: чистење и уредување на училниците и училишниот двор, собирање стара хартија за рециклирање, Новогодишен базар. По повод Меѓународниот ден на гладта 16 Октомври во училиштето се организираше хуманитарна собирна акција на храна и истата беше донирана на децата од социјално загрозени семејства. Родителите од нашето училиште, по иницијатива на претставниците од Советот на родители и оваа година реализираа хуманитарна акција во која собираа и донираа парични средства и храна на четири семејства. Исто така, од страна на Советот на родители, пред новогодишните празници, беше организрана хуманитарна акција преку собирање на парични средства „Збогати ја божиќната трпеза“ за социјално загроените семејства.

13. Поддршка на учениците

13.1 Постигнување на учениците

ООУ„Лазо Ангеловски“-Општина Аеродром-Скопје, учебна 2019/2020

СРЕДЕН УСПЕХ НА НИВО НА ПАРАЛЕЛКИ И ГЕНЕРАЦИИ

VII одд	VIII одд	IX одд
VII-1- 4,57	VIII-1- 4,26	IX-1- 4,23
VII-2- 3,71	VIII-2- 4,11	IX-2- 4,25
VII-3- 3,79	VIII-3- 3,94	IX-3- 4,38
VII-4- 4,54	VIII-4- 3,91	IX-4- 4,10
VII-5- 4,24	VIII-5- 3,75	IX-5- 4,12
VII-6-4,52	/	IX -6- 4,05
Среден општ успех на VII одд. **4,28**	Среден општ успех на VIIIодд. **4,05**	Среден општ успех на IXодд. **4,20**

СРЕДЕН УСПЕХ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ- 4,18

ПРЕГЛЕД НА ИЗОСТАНОЦИ НА НИВО НА ГЕНЕРАЦИИ

Одд .	I	II	III	IV	V	I-V	VI	VII	VIII	IX	VI-IX
Оправдани	1831	1489	1759	1526	1436	8041	2619	1758	3404	4266	12047
Неоправдани	/	/	/	/	/	/	29	3	41	47	120
Вкупно	1831	1489	1759	1526	1436	8041	2648	1761	3445	4313	20208

Вкупен број на изостаноци на ниво на училиште **-** ОПРАВДАНИ**- 20 088**
НЕОПРАВДАНИ **- 120**
ВКУПНО - 20 208

Описно се оценети **1025** ученици (од I – VI одд.)

За еден ученик од прво одделение направена е акцелерација за премин во второ одделение со почетокот на второто полугодие со препорака, стручно мислење и опсервација од страна на одделенските наставници и стручните соработници.

Бр. на ученици			**Успех на учениците**																	
м	**ж**	**вк.**	**одличен**			**многу добар**			**добар**			**Доволен**			**Позитивно оценети**			**Со слаби оценки**		
225	199	424	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.
			72	115	187	83	48	131	48	25	74	/	/	/	203	188	391	22	10	32

Во генерацијата на VII одделение еден ученик (машко)не е оценет.

ПРЕГЛЕД НА ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Одделение	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	ВКУПНО
примерно	196	178	170	166	162	153	133	138	153	1449
добро	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
незадоволително	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/

УЧЕНИЦИ СО СЛАБИ ОЦЕНКИ

Слаби оценки	Бр. на ученици	М	Ж
Со една слаба	23	15	6
Со две слаби	9	7	4
Со три и повеќе	/	/	/
Вкупно	32	22	10

СРЕДЕН УСПЕХ ПО ПРЕДМЕТИ

	Предмети	Бр.на ученици	УСПЕХ					среден успех
			5	4	3	2	1	
	ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ							
1	**Македонски јазик**	**423**	**204**	**76**	**77**	**60**	**6**	**3,97**
2	**Англиски јазик**	**423**	**210**	**93**	**64**	**45**	**11**	**4,05**

3	Француски јазик	237	103	47	39	48	0	3,86
4	Германски јазик	186	82	39	37	28	0	3,94
5	Математика	423	184	80	76	75	8	3,84
6	Историја	423	167	95	78	82	1	3,82
7	Географија	423	175	100	83	65	0	3,91
8	Биологија	423	145	92	78	94	14	3,61
9	Физика	291	68	71	67	84	1	3,42
10	Хемија	291	121	56	66	48	0	3,86
11	Ликовно образование	423	342	49	20	12	0	4,70
12	Музичко образование	423	296	76	40	11	0	4,55
13	Физичко образование	423	332	75	13	3	0	4,74
14	Техничко образование	0	0	0	0	0	0	0
15	Природни науки	0	0	0	0	0	0	0
16	Информатика	132	79	33	17	3	0	4,42
17	Етика	132	125	7	0	0	0	4,95
18	Општество	0	0	0	0	0	0	0
19	Граѓанско образование	291	169	56	51	15	0	4.30
20	Иновации	153	79	33	27	14	0	4.16
21	Работа со компјутери	0	0	0	0	0	0	0
	ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ							
1	Техничко образование	74	60	11	2	1	0	4.76

2	Танци и народни ора	152	122	15	15	0	0	4.70
3	Истражување на роден крај	168	132	28	6	2	0	4.73
4	Проекти од информатика	29	21	8	0	0	0	4.72

Среден успех на ниво на училиште 4.18

УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

Национална структура		Македонци			Албанци			Срби			Власи			Турци			Роми			Бошњаци			Други		
		м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.
		215	193	408	/	/	/	2	1	3	/	/	/	/	/	/	4	2	6	2	/	2	2	2	4
успех	Одличен	69	112	181	/	/	/	2	1	3	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	1	2	3
	Мн.добар	83	48	131	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
	Добар	46	25	71	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	1	/	1
	Доволен	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
	Со слаби оценки	17	8	25	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	4	2	6	1	/	1	/	/	/

Во генерацијата на VII одделение еден ученик не е оценет (едно машко - Македонец).

Пофалени ученици

Оделение	Ученик
VII-1	Ана Ваљакова

VII-2	Сара Митевска
VII-3	Симона Велковска
VII-6	Катерина Иванова
VIII-1	Ања Џуговска, Марија Поповска
VIII-2	Теодор Ѓуровски
VIII-4	Миа Драгниќ, Марија Митова, Марија Митевска
VIII-5	Марко Велјановски, Анастасија Џајковска
IX-1	Мила Трајановска, Никола Вељановски
IX-2	Матеј Спасовски, Ангела Андонова
IX-3	Ангела Зимбакова, Марко Цветанов, Марија Станчева
IX-4	Милијана Стојановиќ, Мариела Стефановска
IX-5	Анастасија Илиевска

13.2 Превентивни програми

Нашето училиште е вклучено во проектот Училиште без насилство. Целта на проектот е намалување на насилното однесување на учениците, подигнување на свеста кај учениците за последиците од насилното однесување и создавање на безбедна училишна средина. Училиштето има училишна политика за намалување на насилното однесување на учениците во училиштето, во која се образложени начините и мерките кои ги превзема училиштето за намалување на насилното однесување. Училиштето преку тимот за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и превзема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Тимот редовно поднесува извештај за фрекфенцијата, видот и местата каде се случуваат насилните однесувања.а исто така врши и едукација на учениците, наставниците и родителите за успешно разрешување на конфликти.

За зголемување на безбедноста на учениците во соработка со СВР и полициската станица Ново Лисиче формиран е „Клубот за превенција“ во кој членуваат учениците од 7 и 8 одд.Тие со стручните лица од полициска станица редовно одржуваат состаноци на кои се обработуваат теми и се дискутира за зголемување на безбедноста на учениците .

За болестите на зависност одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови реализираат работилници од програмата за Животни вештини, идентификација на учениците кои имаат проблеми со зависност се врши во соработка со стручната служба и се превземаат мерки за нивно надминување. Идентификацијата на учениците кои имаат асоцијално однесување се врши во соработка со стручната служба и потоа се превземаат мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите, известување до педагошката служба во МОН. Стручната служба остварува соработка со Центарот за социјална работа, МВР, Заводот за ментално здравје, полициска станица Аеродром. На овие теми реализирани се и едукативни работилници со родители, ученици и наставници за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците. Воедно во две паралелки - една во VI и една во VII одд. се одвива проектот „Социоемоционално учење-вештини за адолесценција како воннаставна активност.

13.3 Безбедност во училиштето

Во училиштето има „План и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди". Има противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места. Со цел развивање на општата противпожарна култура кај младите, ученици од нашето училиште учествуваа во противпожарен квиз-натпревар за пропротивпожарна заштита, како и учество во ликовен и литературен конкурс на тема „Како да се заштитиме од пожари" во соработка со општинскиот Противпожарен сојуз Аеродром. Со цел развивање на сообраќајната култура, учениците од I одд. учествуваа на едукативно предавање за „Безбедноста во сообраќајот" во организација на МВР Скопје, Во соработка со МВР (одделение за сектор и превенција) пред новогодишните празници се реализираше кампањата за штетните последици од петардите и други пиротехнички средства. За заштита и безбедноста на просториите во училиштето има план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите. Поставени се видео камери низ училиштето за време на работните денови во училиштето има физичко обезбедување и платен чувар во ноќниот период, а по потреба се бара и полициско патролирање на училиштето.

13.4 Позитивна социо-емоционална клима

Училиштето се грижи за учениците од ранливите групи, кои имаат социјални и емоционални потешкотии, преку обезбедување на бесплатна храна во училиштето, хуманитарни акции за храна и облека. Се врши индивидуална и групна работа со ранливите групи ученици. Се оддржуваат советодавни средби со учениците со тешкотии во емоционалниот развој и со нивните родители и се изнаоѓаат начини за полесно адаптирање на овие ученици во училиштето и подобрување на успехот. Стручната служба и наставниците оддржуваат работилници во паралелките преку кои учениците учат техники и начини за успешно надминување на проблемите во училиште, контрола на емоциите, формирање и одржување на пријателства, негување на добри односи со соучениците, прифаќање сличности и разлики и сл. Училиштето негува почитување на личноста, слобода за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност и без предрасуди во однесувањето кон учениците, родителите и достапност на информации за сите. Оваа учебна година во соработка со НВО Лионс клуб -Дистрикт Македонија се спроведе пилот програма „Вештини за адолесценција" за

учениците од 6-то и 7- мо одделение. Оваа програма претставува сеопфатна позитивна програма за развој и превенција наменета за млади луѓе од 6-то до 8-мо одделение. Програмата ги учи децата за животните и граѓанските вештини за безбедна, грижлива и конзистентна средина.

14.Грижа за здравјето

Целта на наведената дејност на училиштето е да ги оспособи учениците и вработените во училиштето да преземаат активности за поздрав живот во училиштето и средината. За реализација на дел од наведените активности училиштето има соработка со медицински центар за организација и реализација на систематските прегледи за учениците од заводот за здравствено заштита. Со црвениот крст ова полугодие по повод Недела за борбата против туберколозата одржано е едукативно предавање „ Стоп за туберколозата“.По повод „Неделата за грижа на стари лица“ прочитани се содржини за дадената тема. Здравствената едукација на учениците се остваруваше и во текот на редовната настава по предметите физичко и здравствено образование, природа, запознавање на околината, биологија, екологија, образование за животни вештини и преку интегрирање на наставните содржини преку проектот Интеграција на заштита на животната средина. Во текот на првото полугодие од оваа учебна година од страна на директорот на училиштето, сите вработени беа упатени да извршат редовен санитарен преглед.

14.1 Хигиена во училиштето

Техничкиот персонал се грижи за одржување на хигиената на санитарните чворови, училници и другиот простор во училиштето. Наставниците во соработка со родителите водат грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена и одржување на хигиената во нивната средина. По потреба училиштето соработуваше со службите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација каки и со Општнските службите.

14.2 Систематски прегледи

Во текот на првото полугодие од учебната 2019/2020 година се организираше редовен санитарен преглед за сите вработени. Посебно внимание обрнуваме на редовно вакцинирање на учениците и систематски прегледи според планот на амбулантата Јане Сандански, со која и оваа година соработуваме. Се реализираа редовните планирани систематски прегледи и вакцини за учениците., а во соработка со оделот за стоматологија во поликлиника „Јане Сандански „учениците навремено ја остваруваат грижата за своето орално здравје.-Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VII одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.

14.3 Вакцинирање

Редовно генерациско вакцинирање и ревакцинирање на учениците од I до IX одделение според распоредот за имунизација од Заводот за јавно здравје- Скопје.Учениците од Активот I одделение примија ревакцина за Dite и Polio.

Учениците од Актив IX одделение ја примија редовната ревакцина за Dite и Polio.

14.4 Едукација за здрава исхрана

За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето го реализира проектот *Здрава храна за детство без мана* со цел подигнување на свеста за конзумирање здрава храна и придобивките од конзумирање здрава храна.Наставниците во своите планирања интегрираат содржини од овој проект и ги реализираат на одделенските часови, редовните часови и воннаставните активности.

15. Училишна клима и односи во училиштето

15.1 Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерен правилник за педагошки мерки, правилник за однесување на вработените, распоред на дежурства на наставниот кадар. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

15.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно образовниот процес.Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник, приредби, квизови и хепенинзи. Во училиштето се развива одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот момент на просторот (училниците) во кои се поминува голем дел од денот. Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците се негува позитивниот однос кон работата, а за која наставниците и учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за учество во естетското уредување на просторот.

Формираната комисија за следење на уредувањето на училишниот простор по повод новогодишните празници ги прогласи за најестетски уредени простории во училиштето училницата на II-4 одд.

Преку соработка со родители (спонзорство) на почетокот на учебната година искречени се 2 училници (II-1 i II-2) збирката за наствници и ходникот во делот на овие училници.Исто така со средстава од спонзори поставена е клима во училницата на III-1 одд.

Во текот на ова полугодие набавен е нов мебел (плакари) за опремување на канцелариите на администрацијата во училиштето, обновени се масите во наставничката канцеларија и набавени се нови 6 смарт табли.

Исто така поставени се во 6 училиници прочистувачи на воздухот кои се донација на влада на Република Северна

Македонија на претходно објавен конкурс на кој училиштето аплицираше со елборат.

Поставени се и три интерактивни табли за подобрување на реализацијата на наставните планирања.

15.3 Етички кодекси

Училиштето има изработено кодекси на однесување на вработените, на учениците, на родителите, кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии, кодекс за облекување на учениците и наставниците, етички кодекс за оценување на учениците. Тие се истакнати на видни места во училиштето и со нив се запознаени сите инволвирани. На почетокот на учебната година наставниците, учениците и родителите се потсетија на правилата на однесување во училиштето со што се инсистира на нивното почитување, бидејќи за непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки.

15.4 Мулти- културализам

Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и најбројни се македонците. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.

Сите ученици без разлика на способностите, полот, етничката и верската припадност се прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои се вклучени ученици од сите етнички зедници од I до IX одделение, наставници и родители. Овие активности придонесуваат да се развиваат вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и традициите, а исто така се подобрува и соработката меѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност. На тој начин се зајакнува атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници и се развива свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници.

Училиштето е вклучено во проектот Меѓуетничка интеграција во образовнието. Целта на проектот е учениците да сфатат како да се живее во заедница во која постојат голем број културни разлики помеѓу нејзините членови, да се навикнуваат да ги надминуваат меѓусебните недоразбирања со толеранција и почит а со тоа и како да го спречуваат создавањето на конфликтите.Во училиштето се реализираа часови со содржини од МИМО, а активностите од МИМО програмата кои треба да се реализираат со партнер училиштето „Алија Авдовиќ“ ќе се реализираат во второто полугодие од учебната 2019-2020 година.

15.5 Односи меѓу сите структури

Раководниот тим преку континуирана соработка и состаноци со сите структури врши размена на идеи и работи на разрешување на проблеми. Во согласност со Законот за основно образование, раководниот тим редовно има состаноци со сите тела во училиштето, а присуството на неговите членови е задолжително и со Закон регулирано. Раководниот тим секојдневно разменува мислења и идеи за тековните проблеми и прашања од работата на училиштето з време на наставничките совети.

Останатите субјекти (ученици, родители) постојано се консултираат преку состаноци, усни и писмени известувања, а нивните мислења доколку се во согласност со политиката на училиштето, секогаш се почитуваат. Преку почитување на Законот за основно образование и интерниот Правилник кој е изготвен на ниво на училиште, училиштето има политика во врска со дисциплината, дисциплинските мерки и поведението на учениците и вработените. За сите тековни активности сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици) благовремено се информирани. Училиштето тековно дава поддршка за унапредување на здравјето преку систематските прегледи и превентивните прегледи за хигиена, преку предавања организирани од стручни лица. Поради потребата на учениците со различни способности и предиспозиции, во училиштето се организираат и реализираат дополнителни, додатни и слободни активности преку соодветни програми. За таа цел сите предметни и одделенски наставници имаат свои програми. За децата со посебни образовни потреби, ангажирани се педагошки асистенти од страна на Општина Аеродром, и преку разговори со наставниците, родителите, стручните соработници и учениците заклучуваме дека со помош на ангажираните асистенти постигнат е напредок кај учениците. Стручната служба преку различни методи на работа врши советувања на родители чии деца покажуваат социјална неадаптираност, деца со агресивно однесување и деца чие однесување е резултат на несредени семејни односи, согласно нивните индивидуални потреби

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка помеѓу вработените во училиштето, како и досега се остваруваа формални и неформални средби, односно се организираа заеднички прослави, екскурзии, свеченост, сл.

15.6 Еколошки активности (податоци за вклученоста на 7-те чекори еко-менаџмент и 6 еко-стандарди во текот на учебната година)

Во текот на првото полугодие од учебната 2019/2020 година се реализираа активности што се планирани врз основа на шесте еко–стандарди со соодветните точки на акција и истите се вклучени во Планот на активности и соодвествуваат со еко стандардите. Вклученоста на сите чекори во менаџмент се на максимално ниво и придонесуваат да се подигне еко свеста на учениците, вработените и родителите. Реализирани се низа на еколошки активности:

Понеделник и среда- прогласени еколошки денови -односно учениците, родителите и вработените во училиштето секој понеделник и среда во текот на првото полугодиесобираат пластична амбалажа, која се става во контејнери за селектиран отпад

Македонија без отпад-во рамките на акцијата се изведоа активности за собирање на непотребните предмети и хартија и нивно отстранување.

Еко проект-Планираните активности и наставните содржини кои се интегрирани во редовните часови според планирањето за реализација на програмата,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем,, се реализирани . Креативни работилници и уредување на училишните паноа–Учениците и наставниците редовно ги уредуваа училишните паноа на тема екологија.За таа цел изработени се новогодишни украси и елки од рециклажен материјал. Национална кампања-Светски ден на чистењето.

Во рамките на националната акцијата за чистење на отпадот поддржана од Владата на Р. С. Македонија, во нашето училиште се одржаа низа активности за одбележување на „Светскиот ден на чистење“. За таа цел во училиштето беше спроведена еколошка акција преку организирање на низа активности на членовите на еколошката секција. Дел од учениците беа ангажирани во изработка на Еко пароли за подигање на еколошката свест, а дел беа директно вклучени во чистење на училиштето и училишниот двор.
На 20.09.2019 година во ООУ”Лазо Ангеловски” се реализираа активности по повод Европската недела на мобилност 2019 Учениците од одделенска настава со своите наставници го одбележаа денот со пешачење по Детската улица ,,Тоше Проески”. Целта на Европскста недела на мобилност да се потикнат учениците и граѓаните да ги променат навиките и почесто да користат активни начини на движење или да го комбинираат пешачењето и возењето велосипед со користење на јавниот транспорт.
Во рамките на Еко-секцијата која се реализира во училиштето учениците пишуваа пораки за придобивките од пешачењето, го уредуваа училишното пано, изработија боенки и смислуваа пораки по повод неделата на мобилност.
Преку активностите учениците ја формираат и развиваат својата свест за здрав живот и рекреација, ги развиваат здравите навики се поттикнуваат на љубов кон природата и водење грижа за своето здравје.
На 2.10.2019 год.во периодот од 10:30-12:00 часот во ООУ „Лазо Ангеловски” се реализираше еколошка акција со учениците за чистење на училишниот двор организирана од ЈП Комунална хигиена Скопје и Општина Аеродром.
На 7.10.2019 год.еколошката секција на IV одд.ги продлабочи знаењата на учениците за растенијата и засејаа повеќе видови на зачински растенија.
На 8.10.2019год.еколошката секција на I-2 одделение им пренесе знаења на учениците за растенијата, како се одгледуваат и негуваат. Во рамките на оваа активност засадија повеќе видови на цвеќе.
На ден 29.10.2019 год.во аулата на ООУ„Лазо Ангеловски“, Скопје се одржа промоција на проектот ИоТ Аквапоничен рециклирачки систем. Проектот е финансиран од страна на Фондот за иновации и технолошки развој, преку програмата „Предизвик за млади истражувачи. Имено, овој систем ја заштитува животната средина, ја заштедува употребата на водата и произведува здрава, органска храна.Училиштето планира да ја патетира оваа иновација.
На 31.10.2019 година во училиштето, училишниот двор и непосредната околина во општина Аеродром се реализираше кампањата „Вози велосипед“. Во непосредната околина на училиштето, во училиштето и училишниот двор учениците делеа флаери со текст за подигнување на свеста за почесто користење на велосипедот како превозно средство, да бидат пример за нашата заедница со користење на ова алтернативно превозно средство, да ѝ направат услуга на животната средина со тоа што ќе придонесат за намалување на загадувањето на воздухот. Учениците комуницираа, им даваа флаери и правеа анкета со минувачите, родителите и вработените на училиштето, разговараа дали во нивниот превоз е застапен велосипедот, дали околината има безбедна зона за оставање на велосипеди и слично.
На ден 8.11.2019 година учениците од актив трето ја посетија работната организација DSSMITH (поранешна Комуна) со цел да се запознаат за својствата на хартијата, нејзината обработка, доработка и рециклирање. Истата тема се изучува во месец ноември по предметот природни науки.

16. Професионален развој на наставниот кадар

16.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО.
Тимот за професионален развој на образовниот кадар направи анализа за потребите на наставниот кадар врз основа на Извештаите на Личен план за професионален развој.
Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот.

16.2 Активности за професионален развој

Тимот за професионален развој во согласност на предвидената динамика на Акцискиот план ги спроведе следните активности во првото полугодие од учебната 2019/2020 година:

- месец август/септември – со наставниците од предметна и одделенска настава, се спроведе детектирање на потребите на наставниот кадар со цел подобрување на воспитно образовниот процес
- месец септември – се дополни и изготви соодветна програма согласно потребите на наставниот кадар според потребите и барањата за професионален развој на наставниот кадар
- месец септември – беа дадени насоки за подготвување на ИОП од страна на тимот за инклузија на деца со ПОП и се изготвија соодветни и адаптирани програми за децата со ПОП
- месец септември/октомври – беа дадени насоки за изготвување правилна педагошка евиденција и документација од страна на стручната служба на училиштето
- во текот на полугодието – реализација на интегрирани, отворени часови и часови со МИМО

16.3 Личен професионален развој

Во ова полугодие наставниците и стручните соработници присуствуваа на многубројни обуки (интерни, надворешни, он-лине), конференции и работилници.

Во текот на полугодието – присуство на надворешни семинари, обуки, трибини, панел дискусии, конференции од страна на наставниците

- Инклузивно образование, он-лајн семинар реализиран од страна на БРО
- во текот на полугодието - Тим за спроведување на проекти на ЕУ, преку Националната агенција за европска образовна програма и мобилност „Еразмус +“ беа реализирани првите мобилности во рамките на проектите „Млади новинари денес-Дигитални граѓани утре“ и „Креативни читатели“ во кои земаа учество 5 наставници и директорот на училиштето.
- Национална конференција „Љубов за секое дете“ организирана од УНИЦЕФ и Влада на Република Македонија
- Социо-емоционално учење – поддржано од МОН
- Европас конференција

- Форми, методи и техники на подучување
- Безбедност и здравје при работа
- Тандем настава по ФЗО
- Менаџирање на училницата со современи и креативни методи и техники на учење
- Работилница за родова еднаквост
- Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки
- Градиме Еразмус + училишта
- Поттикнување на автономно учење кај учениците
- Примена на смарт таблата во наставата - Тримакс

Во текот на полугодието – присуство на интерни семинари и обуки од страна на наставниците:

- Одржани обуки, дисеминации и сл. од страна на наставници и стручни соработници на ООУ Лазо Ангеловски
- Инклузивно образование – Дисеминација на обуки и презентација од ООУ Лазо Ангеловски – одржана за здружението на музичките педагози

16.4 Хоризонтално учење

Размената на искуства, стекнатите знаења и методите, формите и техниките за реализација на наставата се вршеше преку состаноци на ниво на стручни активи, работилници со сите наставници и отворени-интегрирани и наследни часови. Воедно сите дисиминации од посетените обуки, семинари, конфереции и сл.допринесуваат во споделувањето на стекнатото знаење и вештини

За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец.

16.5 Тимска работа и училишна клима

Подигнување на квалитетот на воспитно образовниот процес е можно само кога во него ќе се вклучат повеќе учесници здружени професионално и со користење на умешноста на секој од учесниците.Меѓусебната соработка и почитување играше важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидуваше начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците.Акцент се ставаше на отворена комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста.

Тимската работа меѓу наставниците и училишната клима се подобруваше преку одржување на состаноци на ниво на стручни активи, на кои се пронаоѓаа ефективни решенија за детектираните проблеми. Наставниците на ниво на генерација и актив тимски ги изработуваа годишните и тематските планирања, тестовите за проверка на знаењата и разменуваа предлози и искуства се со цел за подобра и поефективна настава. Воедно во соработка со стручните соработници во училиштето се работеше на подобрување на ефективноста на секој наставник индивидуално но и на ниво на стручен актив преку одржување со редовни состаноци на стручните активи.

Наставниците коишто стекнале вештини, знаења и информации за подобрување на наставниот процес и правилното

функционирање на училиштето на различни обуки, семинари, конференции и др. ги споделуваа своите искуства со останатите наставници на ниво на стручен актив, работна група или/и наставнички совет.
Раководната служба и стручните соработници ги следеа трендовите во наставата и работа со деца и за истите ги информираа наставниците.

17.Вклученост на семејството во училиштето во:

17.1 Животот и работата на училиштето

Во животот и работата на училиштето родителите учествуваат на две нивоа и тоа на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Преку Советот на родители во текот на првото полугодие од учебната година беа вклучени во повеќе активности од кои посебно внимание им се посвети на следните:

- Организација и обезбедување услови за реализација на слободни ученички активности, ученички натпревари, собирни акции.
- Грижа за здравјето на учениците и создавање оптимални услови за престојот на учениците во училиштето.
- Грижа за естетскиот изглед на училиштето.
- Подигање и развивање на педагошката култура на родителите.
- По повод новогодишните празници, родителите по иницијатива на претставниците од Советот на родители спроведоа хуманитарна акција и собираа парични средства кои ги донираа на четири семејства.

17.2 Процесот на учење

Во текот на првото полугодие родителите за постигањата на своите деца како и за сите случувања за животот и работата на училиштето беа информирани преку индивидуални или групни родителски средби. Беа реализирани две родителски средби и по потреба се одржаа и вонредни родителски средби. Во училиштето секој последен четврток од тековниот месец се остваруваше отворен ден кога родителите имаат можност да се сретнат со сите предметни наставници и да се информираат за успехот на своите деца. Информациите кои се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањето на учениците се јасни, разбирливи и достапни за сите родители. Исто така родителите на учениците кои нередовно ја посетуваа наставата, имаа намален успех во учењето и несоодветно се однесуваа во училиште беа повикани на советувањето на родители кое произлегува од Законот за основно образование.

17.3 Активностите во училиштето

За активностите во училиштето родителите се информираа навремено преку изготвената веб-страница на училиштето, преку соопштенија, брошури и флаери. Родителите се важен фактор во воспитно образовниот процес и токму затоа и оваа учебна година се организираа активности за унапредување на соработката со родителите. Родителите даваа иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др. Значајни се нивните активности поврзани со донации за уредување и

опремување на училниците, набавка на дидактички материјали, хуманитарни активности и др.

17.4 Донесување одлуки

За донесување на одлуки во училиштето родителите учествуваа во училиштето како претставници на Училишен одбор, и како претставници на Советот на родители. Исто така многу се значајни за донесување на одлуки и нивни мислења добиени по пат на анкети, прашалници, интервјуа и сл.

17.5 Едукација на семејството

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е двонасочна. Многу често родителите соработуваа со училиштето како едукатори со свои предавања од областа за кои се компетентни, па така се организираат предавања и работилници од областа на медицината, стоматологијата, сообраќајот, етиката, културните обичаи и слично. Ова полугодие се реализираше предавање на тема „ Набљудување на растенијата„ кое го реализираше родител -ботаничар за учениците од трето1 одд. а заедно со родиителите од 3-1 и 3-2 реализирани се работилници за изработка на новогодишни украси.
Но од друга страна и училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (Семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси и слично). И оваа учебна година се реализираше советување на родители на ученици кои нередовно ја посетуваат наставата, имаат намален успех во учењето и/или покажуваат несоодветно однесување според соодветна програма издадена од педагошката служба (БРО).
Советувањето на родителите се организираше и реализираше од страна на психологот.
Воедно, во училиштето редовно се спроведуваше советодавна работа со родителите (индивидуална и групна), од страна на стручната служба, одделенските раководители, а по потреба и директорот на училиштето.

17.6 Изработка на брошура за родители

Родителите/старателите се известуваа преку изготвената брошура за најважните активности и случувања за работата на училиштето. Брошурата за родители содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

18. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

18.1 Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Целта на соработката на училиштето со локалната заедница е да се анимира и стави во педагошка функција се што може да понуди локалната заедница за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, да влијае на подобрување на културно–образовното ниво кај месното население. Училиштето соработува со локалната самоуправа преку усна, пишана и електронска форма, разни состаноци и трибини. И во ова полугодие во

соработка со Општина Аеродром во наставата беа вклучени образовни асистенти во рамки на проектот „Унапредување на воспитно-образовниот процес и секојдневната грижа на децата со посебни образовни потреби кои ги посетуваат училиштата во Општина Аеродром“.Но со оглед на големиот број на ученици со ПОП во училишето се чувствува потреба од повеќе асистенти. Во текот на ова полугодие се оствари соработка со Меѓуопштински центар за социјална работа со цел остварување на правата на учениците согласно со Законот за социјална заштита и Законот за семејство. Учениците од трето одделение беа во организрана посета на компанијата за рециклирање хартија и картон DS Smith и на изложбата МАКИНОВА 2019 во Музејот на град Скопје. И оваа учебна година продолжи соработката со полициската станица Аеродром со која се реализира проектот Безбедност во училиштата.

18.2 Институции од областа на културата

Во ова полугодие од учебната година се организираа посети на: Драмскиот театар за деца и младинци, Кинотека на Македонија, МОБ, Кино „Милениум“, Детскиот ликовен центар и други институции. Исто така, училишната библиотека остваруваше соработка со Градската библиотека „Браќа Миладиновци“, подрачната библиотека „Јане Сандански“, издавачките куќи Просветно дело, Арс Ламина и др.

18.3 Институции од областа на образованието

Во текот на првото полугодие се соработуваше со надлежните институции за образование од општината, БРО, ДПИ, МОН, Националната агенција за европски образовни програми, државни универзитети и други институции од оваа област преку разни состаноци, трибини, обуки и семинари. Учениците учествуваа на манифестацијата „Ноември – месец на наука, на натпреварот за информатика Дабар.

18.4 Невладини организации

Училиштето континуирано изминативе години остварува соработка со неколку невладини институции. Во ова полугодие се оствари соработка со ПАКОМАК, Лајонс клуб, МЦГО, Противпожарен сојуз на општина Аеродром и др.

18.5 Спортски друштва

Федерација на училишен спорт на Македонија
Федерација на училишен спорт на град Скопје
Училиштен спортски клуб клуб ООУ„Лазо Ангеловски”

18.6 Здравствени организации

- Поликлиника „Јане Сандански„-Аеродром
- Завод за ментално здравје- Скопје
- Завод за јавно здравје- Скопје
- Завод за слух,говор, и глас

- Triglav осигурителна компанија.

18.7 Медиуми (со цел промоција на училиштето)

За сопствена афирмација училиштето соработува со најразлични видови на медиуми. Поважните активности од наставната и воннаставната работа беа објавувани во општинскиот весник Аеродром, како и други дневни и неделни печатени медиуми. Беше остварена соработка со телевизиските куќи во областа на емисиите од образовен карактер.Како новина ова полугодие е електронскиот училишниот весник преку кој учениците, родителите и населението ќе имаат можност да се информираат за случувањата во училиштето. А исто така јавноста континуирано беше информирана за случувањата преку веб-страната на училиштето http://oulazoangelovski.com.mk/

20.Тим за изработката на Полугодишниот извештај :

- Перо Арсеновски- директор
- Милена Игњатова – помошник директор
- Иванка Николова-социолог
- Аделина Давидовска-психолог
- Тина Симиќ Ацковска-дефектолог
- Благица Ангеловска – библиотекар
- Стефанија Додевска - педагог
- Одговорни наставници на:
  - Училишни тимови
  - Стручни тимови
  - Организации и комисии во училиштето

Скопје,

Јануари 2020

М.П.

Директор

Перо Арсеновски